ОПШТИНА ОХРИД
Бр. 09 – 1107/1
29.07. 2025 година
О х р и д

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (“Сл. весник на РМ“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016,11/2018 и“Сл.весник на РСМ“ број275/19, 14/20 , 215/21, 99/22 и 208/24 ) , Градоначалникот на Општина Охрид донесе:

# О Д Л У К А

за избор на кандидат по јавен оглас за вработување
административен службеник

1. Кандидатот ВЛАДО ВРАГОВСКИ се избира за работното место УПР0101Б04000, Раководител на одделение за соработка со УНЕСКО, во Сектор за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО.
2. Оваа одлука ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за администрација по барање на општината Охрид во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“ објави јавен оглас број 527/2025 за вработување на еден административен службеник од група I, подгрупа I во Општина Охрид за работното место УПР0101Б04000, Раководител на одделение за соработка со УНЕСКО, во Сектор за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО.

Комисијата за селекција на ден 08.07.2025 година спроведе административна селекција за административен службеник (Записник бр. 10-1385/4) , на ден 25.07.2025 година спроведе испит за административен службеник (Записник бр. 10-1385/5) и на ден 28.07.2025 година се спроведе проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник (Записник бр. 10-1385/6).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекцијата, Комисијата за селекција изготви конечна ранг-листа и предлог на кандидат за вработување на работното место УПР0101Б04000, Раководител на одделение за соработка со УНЕСКО, во Сектор за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО, бр. 10-1385/8 од 28.07.2025 година кој во законскиот рок го достави до Градоначалникот заради избор на кандидат.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Поука за правно средство:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на веб-страницата и на огласна табла на Агенцијата за администрација.

ГРАДОНАЧАЛНИК,
Кирил Пецаков

Одобрил,Раководител Татјана Трпческа
Изработил Пом.соработник :Владимир Ристески
Доставено до:- кандидатот- Одделение за УЧР- Агенција за администрација